**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Стоматолошки факултет - Скопје**


# ПРОГРАМА

## за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошкиот факултет – Скопје

**2025 – 2029**


**јануари 2025**

**Скопје**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 82/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 178/2021 и 58/24) и член 57 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/19), по предлог на Научниот одбор, Наставно-научниот совет, на 3-тата седница одржана на 30.1.2025 година, ја донесе следнава

**ПРОГРАМА**
**за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошкиот факултет – Скопје за период 2025-2029**

## 1. ВОВЕД

Научноистражувачката дејност во Македонија е регулирана со три закони: Законот за научноистражувачка дејност, Законот за високо образование и Законот за иновациска дејност.

Согласно Законот за високото образование, формиран е Национален совет за високото образование и научно-истражувачката дејност со цел обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Законот за научноистражувачка дејност ја предвидува Националната програма за високо образование и научноистражувачка дејност на Република Северна Македонија како четиригодишна програма која ја донесува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата, а по претходно мислење на Националниот совет.

Од друга страна пак, Владата, по усвојување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за наредната година, донесува годишна програма за научно-истражувачката дејност. Согласно годишните програми, Министерството за образование и наука финансира одредени активности од научно-истражувачката работа за кои објавува јавен оглас – конкурс. Позначајни конкурси кои се финансирани од страна на Министерството а на кои имаат конкурирано вработените на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје се следените: Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство; Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд. Исто така, Министерството за образование и наука на својата веб страна објавува и конкурси и јавни повици за мобилност на наставниот кадар преку различни програми (ЦЕПУС, билатерални договори, грантови, итн.)

Стоматолошкиот факултет во Скопје како единица во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје има можност дел од своите научни активности да ги финансира од средствата кои ги доделува Универзитетот преку донесените програми, а кои се реализираат преку повеќе конкурси и тоа: Конкурс за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти; Конкурс за поддршка за објавување трудови во престижни списанија; Конкурс за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма; Конкурс за избор на најдобри научници/уметник на Универзитетот, итн. Исто така, преку доставување на барање до Универзитетот, возможно е финансирање и на други активности поврзани со научноистражувачката дејност.

## 2. НАЧЕЛА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје за период 2025-2029 се заснова врз следниве начела: слобода и автономност на истражувањата и творештвото; поврзаност со образовниот систем; етичност; транспарентност во работата и дисеминација на резултатите; примена на меѓународни стандарди на квалитетот во науката; неповредливост и заштита на личноста и достоинството на човекот; разновидност на мислења, методи, теории и доктрини; примена на европските стандарди за регрутирање на истражувачи и нивно однесување; конкурентност и еднаквост на можностите; заштита на интелектуалната сопственост и применливост на резултатите.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Научноистражувачката активност е составен дел од дејноста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошкиот факултет – Скопје и е од клучно значење за неговата меѓународна репутација, репутацијата на Универзитетот како и за подигнување на квалитетот на наставата.

Како најстара институција од областа на стоматологијата во нашата држава, Факултетот ќе продолжи да ги реализира научно-истражувачки активности со цел да ја задржи својата позиција на водечка установа од областа на стоматологијата во земјата, но и континуирано да работи на афирмација на својата високообразовна, научна и применувачка дејност како и негова поголема афирмација на меѓународен план.

Целите на програмата за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошкиот факултет – Скопје за период 2025-2029 се следни:

- континуирано унапредување и подигнување на квалитетот на научно-истражувачката дејност преку заемна поврзаност на науката и образованието за поквалитетна забоздравствена заштита и поквалитетна наставно-образовна практична работа;
- унапредување и зајакнување на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења преку истражувања, обука и апликацијата;
- унапредување на користењето на резултатите од истражувањата кои ќе имаат пред се апликативен придонес во секојдневната клиничка практика;
- обезбедување на неопходно и одржливо финансирање, стратегиско планирање и развој;
- обезбедување на транспарентност во истражувањата и во користењето на резултатите;
- унапредување на научно-истражувачката инфраструктура преку обезбедување на современи апарати и материјали;
- поголема вклученост на студентите во научноистражувачките активности.

## 4. ПРИОРИТЕТИ

Во Програмата за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошкиот факултет – Скопје за период 2025-2029 се предвидени следните приоритети:

- подигнување на квалитетот на научноистражувачката дејност преку реализирање на проекти од домашен и меѓународен карактер;
- унапредување на работата на Центарот за научноистражувачка работа со лаборатории и нивно интегрирање во севкупното работење на Факултетот;
- подобрување на меѓународната репутација на Факултетот преку зголемено учество во меѓународни собири и објавување на научно-истражувачки трудови;
- зголемување на меѓународната соработка и поголема мобилност на наставниот кадар и студентите;
- осовременување на студиските програми и креирање нови студиски програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот, со современи методи на настава и вклучување на најнови сознанија;
- поголема внатрешна интегрираност и кохезија на Стоматолошкиот факултет со факултетите во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје;
- кадровско подмладување и пополнување на составот на вработените на Факултетот, зајакнување на кадровскиот потенцијал преку стручно усовршување и развој, како и подобрување на стандардот на наставно-научниот кадар и студентите;
- развој на информатичката инфраструктурата и електронските сервиси за вработените и студентите;
- зајакнување на улогата на Факултетот во општествените текови и негова поголема афирмација

## 5. СТРАТЕГИСКИ И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Со цел да се остварат поставените стратегиски цели и приоритети, во продолжение се дадени активностите со кои треба да се операционализираат истите. Дел од нив имаат стратегиски карактер и треба дополнително од нив да се изведат конкретни активности, а дел се со оперативен карактер и тие треба да се конкретизираат со соодветен акт на органите на Факултетот.

### 5.1. Финансирање на научно-истражувачки проекти од сопствени средства на Факултетот

Активноста за финансирање на научно-истражувачки проекти од сопствените средства на Стоматолошкиот факултет – Скопје има стратегиски карактер. Истата ќе треба да се конкретизира преку следните активности:

- **Формирање на фонд за научно-истражувачка работа на Факултетот**. Средствата од овој фонд ќе бидат користени за поттикнување и помагање на реализацијата на научно-истражувачките проекти. Средствата ќе се обезбедат од приходите добиени од партиципација на студентите (задолжителното одвојување на 40% од истите), приходи стекнати по основ школарина, спроведување на здравствени специјализации, трет циклус - докторски студии и други приходи.
- **Согласно Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет – Скопје** 40% од приходите добиени од партиципација на студентите ќе бидат искористени за

финансирање на научноистражувачките проекти. Правилникот како општ акт на Факултетот е објавен во Универзитетскиот гласник.

- **Спроведување на активности за доделување на научноистражувачки проекти.** Овие активности ќе ги спроведуваат органите и телата на Факултетот согласно нивните надлежности и постапките утврдени во Правилникот.

### 5.2. Организирање на научни собири

Стоматолошкиот факултет во периодот 2025-2029 година ќе продолжи да го унапредува квалитетот на научно-истражувачката и наставно-образовната дејност како една функционална целина преку спроведување на:

- **Континуирана едукација наменета за докторите по стоматологија/дентална медицина**. Активноста ќе опфати организирање на симпозиум со меѓународно учество на кој ќе бидат обработувани актуелни теми од областа на стоматологијата.
- **Организирање на летни школи**. Во проектираниот период оваа активност ќе продолжи при што на истата ќе присуствуваат и млади доктори. Во наредниот период ќе се работи на поширока интернационализација на летната школа.
- **Поддршка на организацијата на студентскиот конгрес**, кој традиционално се одржува секоја година. Во наредниот период ќе се работи на поширока интернационализација на студентскиот конгрес.

За одржувањето на научните собири, Факултетот ќе упатува барања до Ректоратот за нивно финансирање од средствата наменети за вршење на интегративните функции на Универзитетот, согласно донесените програми.

### 5.3. Организирање на работилници - курсеви

Во проектираниот период, Факултетот ќе организира курсеви, како нов начин на континуирано стручно усовршување на кој учесниците ќе се запознаваат со метода за третман според протокол или прифатена како препорачан начин на третман на одредено заболување или стекнување на вештини. Планирано е развивање и организирање на следните видови на курсеви:

- курс со демонстрација на вештини на модел (ќе бидат обезбедени модели и инструментариум за самостојно изведување на процедурата под надзор на раководителот на курсот)
- курс со демонстрација на вештини на пациент (преку аудио-визуелни средства на учесниците ќе им бидат прикажувани изведените интервенции)

На учесниците ќе им биде поделен печатен материјал за соодветниот курс.

### 5.4. Пристап до бази на податоци и научни публикации

Во изминатиот период, преку соработка со Медицинскиот факултет и Факултетот за ветеринарна медицина и Централната медицинска библиотека се обезбеди пристап до електронската база на научни и стручни трудови и книги - HINARI. За наставниот кадар е обезбеден on-line пристап од било кое место, додека студентите и специјализантите, базата може да ја користат во рамки на библиотеката на Факултетот.

Оваа активност ќе продолжи и во проектираниот период и овозможувањето на овој пристап ќе биде од голема полза за наставниот кадар, студентите од прв, втор и трет циклус и специјализантите на Стоматолошкиот факултет.

### 5.5. Членство во меѓународни организации

Стоматолошкиот факултет ќе продолжи да биде полноправна членка во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг. Association for Dental Education in Europe – ADEE). Со членството во оваа асоцијација, вработените и студентите имаат пристап до ресурсите објавени на web страната на ADEE. Значајно е да напоменеме дека стоматолошките факултети од земјите во нашето опкружување се членови во оваа организација.
Исто така, ќе продолжат активности на зачленување на Факултетот во други меѓународни организации и асоцијации.

### 5.6. Македонски стоматолошки преглед

Стоматолошкиот факултет во континуитет (со исклучок на 2012 година) го издава списанието Македонски стоматолошки преглед (анг. Macedonian Dental Review). Списанието има задача да оствари централна врска помеѓу науката и практиката, помеѓу македонската и светската стоматологија, а негова основна мисија е унапредување на оралното здравје во Македонија. Неговата улога и репутација се нераскинливо поврзани со предизвикот за перманентна трансформација на визијата за тоа што се очекува од стоматологот денес. Содржински, Македонски стоматолошки преглед претставува пресек на научно-истражувачката и апликативната стоматологија во Македонија. Списанието е трибина за разрешување актуелни проблеми од областа на стоматологијата.

Во следниот период ќе бидат преземени активности за индексирање на списанието во повеќе дата бази.

### 5.7. Унапредување на научно-истражувачката активност на членовите на Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет - Скопје

Согласно Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Статутот на Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје, формирано е тело на факултетот во кое членуваат претставници на студентите – Факултетско студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје. Факултетот во проектираниот период ќе ја помага работата на ова студентско тело преку:

- **Овозможување на учество на студентите на настаните од континуираната едукација кои ги организира Македонското стоматолошко друштво и здруженијата во негов состав како и со другите здруженија од област на стоматологијата**. На студентите ќе им биде овозможено бесплатно учество на настани кои ги организира Македонското стоматолошко друштво и здруженијата во негов состав, по претходно спроведена постапка за избор на учесниците. Информации за настаните и начинот на пријавувањето и изборот на учесници на настаните ќе ги спроведува Факултетското студентско собрание и стручната и административната служба.
- **Овозможување на учество на студентите во научно-истражувачките проекти кои ќе ги реализира Факултетот.** Преку донесување на Правилникот за финансирање на научноистражувачки проекти, Факултетот ќе обезбеди учество на студентите во научно-истражувачката работа на Факултетот.
- **Доделување на парични средства на студентите за активно учество на настани во странство.** Донесување на правна рамка која ќе го регулира доделувањето на средствата за учество на студентите во настаните кои ги организираат студентските организации од странство.
- **Помагање во планирањето и одржувањето на студентскиот стоматолошки конгрес**. Факултетот ќе продолжи да го помага одржувањето на студентскиот

стоматолошки конгрес преку давање на упатства, финансирање и овозможување за користење на своите расположливи ресурси.

**5.8. Ангажирање на визитинг професори**

Меѓународната соработка и партнерството на нашиот факултет со факултетите од Европа и светот овозможува размена и ангажирање на визитинг професори од странство во наставно-образовниот процес. Ангажирањето на визитинг наставниците од странство ќе придонесат за збогатување на знаењето на студентите преку согледување на меѓународните искуства на кадарот кој ќе биде ангажиран и размена на искуства. Исто така, ќе бидат организирани и работилници наменети за студентите запишани на трет циклус – докторски студии согласно студиската програма.

Ваквата активност ќе се реализира согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот и во проектираниот период ќе бидат ангажирани визитинг наставници од стоматолошките факултети со кои имаме склучено договор за соработка. Исто така, во следниот период ќе продолжи и активноста на склучување на договори и размена на наставно-научен кадар со сродните факултети.

**5.9. Набавка на опрема за научно-истражувачка работа**

Во периодот 2025-2029 година ќе продолжат капиталните инвестиции во обезбедување на опрема за Центарот за научноистражувачка работа со лаборатории при што преземените активности ќе одат во насока на интегрирање на научно-истражувачката работа во севкупното работење на Факултетот. Во следниот период се планира целосно опремување на центарот, лабораториите и просториите кои ги користат катедрите и нивна искористеност во научно-истражувачки активности.

Активностите за набавка на опрема за научно-истражувачка работа ќе бидат реализирани по доставени барања од катедрите на Факултетот, носителите на научно-истражувачките проекти и вработените на Факултетот.

**5.10. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство**

Во предвидениот период ќе продолжи усовршувањето на домашни истражувачи на научни собири во странство кое се остварува преку нивно активно учество на конгреси, конференции, симпозиуми и семинари. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и за учесниците се покриваат дел од патните трошоци.

**5.11. Објавување на научни трудови во странски научни списанија**

Во предвидениот период, Факултетот ќе продолжи да ги презема активностите за реализација конкурсите за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд, објавени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Со овие активности се доделуваат средства за печатење на научните трудови на наши научни истражувачи во странски научни списанија (вреднувани со импакт фактор) како и надомест на средства за научните работници кои платиле за објава на научен труд во меѓународно списание со импакт фактор.

Во предвидениот период ќе продолжи учеството на наставниот кадар на Факултетот на конкурсите за поддршка за објавување трудови во престижни списанија, кои ги финансира Универзитетот. Ректоратот доделува парични средства за објавување на оргинални научни трудови согласно условите утврдени во конкурсот.

**5.12. Учество на конкурси за финансирање на проекти од страна на Универзитетот**

Во предвидениот период, факултетот ќе продолжи да учествува на конкурсите за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти кои ги финансира Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

Согласно препораките на Универзитетот, потребно е изработка на правилен и реален финансиски план од страна на главниот истражувач на проектот, за што по барање на главниот истражувач, ќе бидат преземени помошни активности за правилна изработка на финансискиот план.

**5.13. Продолжување и унапредување на соработката на Стоматолошкиот факултет со останатите факултети на Универзитетот**

Во предвидениот период, Факултетот ќе ја продолжи и ја зајакне активната соработка со факултетите во состав на Универзитетот со цел реализација на магистерските, докторските и другите научни истражувања кои имаат интердисциплинарен карактер.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Соња Апостолска**